Универзитет „Св.Климент Охридски “- Битола

**ФАКУЛТЕТ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И МЕНАЏМЕНТ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ БИТОЛА**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи Битола

**ISSN 1857-6893**

**ГОДИНА II Бр. 02**

# С О Д Р Ж И Н А

доц. д-р Драган ГРУЕВСКИ, асс. м-р Мимоза БОГДАНОСКА-ЈОВАНОВСКА – **Моделирање на пристапот на обука на вработените во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија** **3**

доц. д-р Жидас ДАСКАЛОВСКИ, пом асс. м-р Младен КАРАЦОСКИ **- Политиката за проширување на Европската унија – успешна приказна или чекор во празно** **5**

доц. д-р Наташа ПЕЛИВАНОВА – **Жалбата во административно-судската постапка** **6**

доц. д-р Мери БОШКОСКА – **Значењето на порастот на меѓународната трговија за меѓународните финансиски текови** **7**

доц. д-р Александра ПАТОСКА – **Злоупотреба на правото во правниот систем на Република Македонија** **8**

Доц. д-р Костандина ВЕЉАНОСКА, Проф. д-р Виолета МАНЕВСКА – **Web софтверско инженерство** **9**

доц. д-р Јован АНАНИЕВ – **Современи тенденции од идеолошка полидимензионалност кон идеолошка нивелација на изборните и партиските програми** **10**

лектор М-р Силвана НЕШКОВСКА **– Преглед на некои од научните теории за изразувањето вербална иронија** **11**

асс.м-р Снежана САВОСКА, проф. д-р Виолета МАНЕВСКА – **Визуелизација на мултидимензионални податоци** **12**

асс. м-р Бранко ДИМЕСКИ – **Предности и недостатоци на децентрализацијата** **13**

асс. м-р Благој РИСТЕВСКИ – **Машини со носечки вектори (SVMs) и нивна примена за анализа на податоци од DNA микрорешетки** **14**

пом.асс. м-р Младен КАРАЦОСКИ – **Улогата и надлежностите на извршната власт во Република Македонија во процесот на нејзина интеграција во Европската унија** **15**

пом.асс. м-р Моника АНГЕЛОСКА - **Светската трговска организација (СТО) и земјите во развој погледнати низ призмата на ДОХА рундата на преговори** **16**

м-р Јулијана СИЛЈАНОСКА – **Организација на екстернаата ревизија на извештаи кај малите претпријатија во Република Македонија** **17**

М-р Наташа МАКСИМОВА – **Симулација на систем за масовно опслужување со конечни редици на чекање M/M/n/m систем** **18**

Пом.асс.Божидар МИЛЕНКОВСКИ **– Анализа на влијанието на даночната конкуренција при оданочувањето на добивката на претпријатијата во Европската унија** **19**

Пом.асс. Елена ВЛАХУ – ЃОРГИЕВСКА, Пом. асс. Никола РЕНДЕВСКИ – **Моделирање на системи со помош на петри мрежи** **20**

Пом. асс. Мирјана РИСТОВСКА **- Резерви на меѓународните договори за човекови права** **21**

Пом. асс. Никола РЕНДЕВСКИ, Пом.асс. Елена ВЛАХУ – ЃОРГИЕВСКА **-Симулација и емулација на компјутерски мрежи – методи и техники** **22**

Пом.асс. Николче ЈАНКУЛОВСКИ, асс. М-р Катерина БОЈКОВСКА – **Организирање на процесот на стратешко планирање на општините во Република Македонија во функција на претпристапните ЕУ фондови** **23**

Марина БЛАЖЕКОВИЌ **– Процес на менаџирање со организацискиот конфликт** **24**

# МОДЕЛИРАЊЕ НА ПРИСТАПОТ НА ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Доц.Д-р Драган Груевски, asprebt2@gmail.com
Асс.М-р Мимоза Богданоска Јовановска, mimozajovanoska@yahoo.com

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## Апстракт

Последната деценија Република Македонија се соочува со брзи и сеопфатни промени во доменот на јавната администрација каде во преден план е ставен професионализамот и компетентноста на државните службеници, што упатува на идентификување на човечките ресурси како клучна компонента на реформите.

Така, Реформата на јавна администрација во РМ, од самиот почеток па до денес, е орјентирана кон изградба на капацитетот на јавните авторитети така што тие ќе бидат во позиција ефективно и ефикасно да ги испорачуваат нивните услуги и да ја променат постојната бирократска култура во услужно-орјентирана култура.

Имајќи го предвид искуството од западните високо развиени земји, каде обуката е систематска активност за сите вработени, која се реализира од почетокот до крајот на нивниот работен век, во изминатиот период доста напори се вложија во инвестирање во човечките ресурси преку реализација на бројни обуки, при што се постигна и промена на свеста за значењето на обуката. Согласно бројните секторски реформи (судство, економија, финансиски менаџмент) и меѓусекторски реформи и активности (децентрализација, јавна администрација, правична застапеност, корупција), досега се реализирани огромен број обуки.

Процесот, во раните фази, започна со идентификување на неопходните вештини и знаења кои треба да ги поседуваат државните службеници со цел да им се овозможи активно и успешно учество во креирањето на политиките, како и нивно ефективно и ефикасно извршување. Во суштина тоа и најважната фаза при моделирањето на обуките.

Во рамките на претходно споменатите реформи и реализирани активности, во рамките на овој труд ќе биде прикажана студија за тоа како беа моделирани дел од обуките одржани во некои од единиците на локалната самоуправа во југозадна Македонија, со посебен акцент на нивната ефикасност и одржливост, како и потребите и можностите за нивно менување.

Во студијата ќе биде прикажан и анализиран периодот од 2005-2007 година, кога беа организрани голем број од обуките поврзани со децентрализацијата на власта во Република Македонија.

**Клучни зборови:** модели на обука, локална власт,


## Abstract

During the last decade, Republic of Macedonia has been faced with overall changes in the sphere of the public administration, where the stress has been placed on the professionalism and competence of the government employees, which leads us to identifying the human resources as a key component of the reforms.

Hence, the reform of the public administration in the Republic of Macedonia, from its beginnings until present day, is oriented towards constructing a capacity of the public authorities which will place them in a position where they can deliver their services effectively and efficiently. Thus, they can change the existing bureaucratic culture into a service directed culture.

Having in mind the experience of the western, highly developed countries, where training is a systematic activity for all the employees and is realized from the beginning until the end of their working years, a great effort has been made lately in the investments in human resources through realization of numerous trainings. At the same time, the understanding of the meaning of the training has changed. In accordance with many sector reforms (judicial, economic, financial management) and reforms and activities among sectors (decentralization, public administration, equality in presence, corruption), a great number of trainings have been realized so far.

The process, in its early stage, started by identifying the necessary skills and knowledge that the government employees should possess in order to enable them to take an active and successful part in policy creation, as well as their effective and efficient performance. Basically, this is the most important stage in the modeling of the training.

In the frames of the above mentioned reforms and realized activities, in the contents of this work we will present a study of the method of modeling of a part of the trainings held in some of the units of the local self-government in South-west Macedonia, with a special stress on their efficiency and sustainability, as well as the needs and possibilities for their alteration.

The period from 2005-2007 will be presented and analyzed in the study, when a large number of trainings connected to the decentralization of the government in the Republic of Macedonia were organized.


**Key words:** public administration, reforms, models of training, local government

# ПОЛИТИКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА – УСПЕШНА ПРИКАЗНА ИЛИ ЧЕКОР ВО ПРАЗНО

Доц. д-р Жидас Даскаловски, daskalovski@hotmail.com
Пом.Асс. м-р Младен Караџоски, mladenkaradzoski@yahoo.com

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## АПСТРАКТ

Европската Унија е ентитет кој се темели на неколку базични принципи, како: демократија, владеење на правото, почитување на човековите и малцинските права, мир, толеранција итн. Унијата преку својата Политика на проширување им овозможува на државите кои имаат желба, но и поседуваат реални демократски капацитети, да ñ се придружат. Целта на овој труд е да анализира дали оваа Политика е успешна и прогресивна, или пак нејзините резултати се минимални и недоволни.

Клучни зборови: политика, проширување, Европска Унија

## ABSTRACT

The European Union is an entity which is based on several essencial principles, like: democracy, rule of law, respect of the human and minority rights, peace, tolerance etc. The Union through the Enlargement policy gives a possibility for the states which have desire, but also have real democratic capacities, to join it. the goal of this paper is to analyze whether this Policy is successful and progressive, or its' results are minimal and insufficient.

Key words: policy, enlargement, European Union

# ЖАЛБАТА ВО АДМИНИСТРАТИВНО-СУДСКАТА ПОСТАПКА

Доц.Д-р Наташа Пеливанова, n_pelivanova@yahoo.com

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## АПСТРАКТ

Законот за управен спор, жалбата треба да ја предвиди како редовен правен лек за испитување на законитоста на првостепените одлуки на Управниот суд на Р. Македонија. И тоа и кога судот донесува одлука во спор на полна јурисдикција и кога одлучува во спор за законитост. Исклучоците од примената на жалбата како редовен правен лек треба да бидат незначителни и изречно наведени во закон.

**Клучни зборови:** жалба, административно-судска постапка;

## ABSTRACT

The Law on Administrative Disputes should anticipate an appeal as a regular remedy for revision of the legality of a first-instance decision of the Administrative Court of the Republic of Macedonia. Both when the Court brings a decision on full jurisdiction over dispute and when deciding on despute over legality. Exceptions from the application of appeal as a regular remedy should be insignificant and clearly referred to in law.

**Key words:** appeal, administrative proceedings

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ПОРАСТОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНИТЕ ФИНАНСИСКИ ТЕКОВИ

Доц.Д-р Мери Бошкоска, meribb@yahoo.com

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## Апстракт

Меѓународните финансии и меѓународната трговија претставуваат двете основни компоненти на меѓународната економија. Меѓународните финансиски текови се резултат на меѓународната размена на стоки и услуги. Целта на овој труд е да се даде објаснување на значењето на меѓународните финансии и меѓународната трговија во услови на глобализација. Предмет во овој труд е да се детерминираат основните фактори заради коишто доаѓа до особено зголемување на стапките на раст на меѓународната трговија, како и да се претставaт корисностите и ризиците од овој процес.

***Клучни зборови:*** меѓународни финансии, меѓународна трговија, економски интеграции, финансиски кризи

## Abstract

International finance and international trade are two basics components of the international economy. Because international financial flows arise from international trade of products and services. The purpose of this paper is to give an explanation of the basics causes that produce extremely growth of the international trade and to present the benefits and risks of this process.

***Key words:*** international finance, international trade, economic integration, financial crisis.

# ЗЛОУПОТРЕБА НА ПРАВОТО ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Доц. Д-р. Александра Патоска, aleksandrapatoska@yahoo.com

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## АПСТРАКТ

Во граѓанското право на Република Македонија, правниот институт злоупотреба на правото иако е од второстепено значење, сепак во секојдневната правна теорија и практика му се придава посебно внимание. Овој институт е актуелен во граѓанското, облигационото и семејното право, како и во граѓанската судска постапка и судската практика во судовите во сите степени. Cé почести се споровите во кои се бара заштита на граѓаните од злоупотреба на правото при владението, користењето или располагањето со предметите од страна на нивните сопственици. Тоа е причината за изработка на овој труд.

**Клучни зборови** : злоупотреба на правото, граѓанско право, граѓанска судска постапка

## ABSTRACT

Although the law institute Abuse of the Law has a secondary meaning in ghe Civil Law of the Republic of Macedonia, yet it has a special place in the regular law theory and practice. It is a relevant insitute in the Civil, Obligatory and Family Law, as well as in the Civil Court Procedure and the Court practice round the Courts of all levels. The disputes for civil protection of abusing the law of property, using or managing by their owners are more and more frequent. So, that is the reason for writting this work.

**Key words**: abuse of the law, Civil Law, Civil Court Procedure

# WEB СОФТВЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

Доц. д-р Костандина Вељановска, kostandina@rocketmail.com

Проф. д-р Виолета Маневска, violeta.manevska@uklo.edu.mk

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## Апстракт

Web базираните системи и апликации овозможуваат сложена функционалност која се користи од страна на огромен број различни групи на корисници. Со самиот факт што нашата зависност од Web се зголемува драматично со текот на времето, функционирањето, доверливоста и квалитетот се од клучно значење за успешноста на една web апликација. Како резулатат на тоа, развојот на web апликациите станува се посложен и попредизвикувачки. Исто така, тој е поразличен и посложен од развојот на традиционалниот софтвер. Но, во моментот, развојот и одржувањето на поголемиот број Web апликации е хаотичен и далеку од потребното ниво. За да може да развијат и одржуваат сложени Web базирани системи и апликации, Web развивачите мора да прифатат одредени процеси и методологии за развој. Новата дисциплина Web инженерство воведува целосен, дисциплиниран пристап кон успешен Web развој. Целта на трудот е да се потенцира значењето и подигне свеста за потребите при развојот на големите и сложени Web апликации и да се промовира воведувањето на Web инженерството како начин на менаџирање со сложеноста и различноста на Web развојот од големи размери.

# СОВРЕМЕНИ ТЕНДЕНЦИИ ОД ИДЕОЛОШКА ПОЛИДИМЕНЗИОНАЛНОСТ КОН ИДЕОЛОШКА НИВЕЛАЦИЈА НА ИЗБОРНИТЕ И ПАРТИСКИТЕ ПРОГРАМИ

Доц. Д-р Јован Ананиев, ananievjovan@yahoo.com

Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

## АПСТРАКТ

Во текстот се дава приказ на различните идеолошки аспекти на партиските и изборните програми и се објаснува трендот на дезидеологизација на партиските програми преку процесот на идеолошка нивелација. Оваа идеолошка нивелација е прикажана преку приказ од спроведени истражувања. Во текстот се дава осврт и на Изборната програма на Лабуристичката партија во Велика Британија од 2005 година како добар пример за структурирана и идеолошки дефинирана изборна програма.

**Клучни зборови**: избори, партиска програма, изборна програма, идеологија

## ABSTRACT

In this article are presented the different ideological aspect of both the party and the election programs and elaborated the party's de- ideological trend through process of ideological equalization. This aspect are presented with references from relevant research results. In this article also is presented the review of the Labor Party Manifesto from U.K. Election 2005 as Program with good structure and ideological definition.

**Key words**: election, party program, election program, ideology

# ПРЕГЛЕД НА НЕКОИ ОД НАУЧНИТЕ ТЕОРИИ ЗА ИЗРАЗУВАЊЕТО ВЕРБАЛНА ИРОНИЈА

Лектор М-р Силвана Нешковска, silvanakolevska@yahoo.com

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## АПСТРАКТ

Во овој труд се нуди преглед на некои од најзначајните теории за изразувањето вербална иронија. Имено, се дава преглед на некои од дефинициите на вербалната иронија како и различните аспекти на вербалната иронија како: прагматските функции кои може да ги извршува вербалната иронија, ироничните сигнали кои го помагаат толкувањето на ироничните изрази; типовите вербална иронија; општествените фактори кои влијаат врз функциите и структурата на ВИ (пол, статус, блискост, професија, заедничко минато, возраст и т.н.), како и одговорите кои следат по ироничните искази од страна на “жртвите“ на иронија.

**Клучни зборови**: вербална иронија, прагматски функции, типови вербална иронија, иронични маркери

## ABSTRACT

This paper offers an overview of some of the most significant theories of expressing verbal irony. More precisely, it provides an insight into some of the definitions of verbal irony, as well as some of the aspects of verbal irony such as: the pragmatic functions of verbal irony, the clues of verbal irony which are very helpful in interpreting ironic utterances, the types of verbal irony, the social factors which have an impact upon the functions and structure of verbal irony (sex, status, distance, profession, common background, age etc.), as well as the answers of the ‘victims’ of irony which ensue the ironic utterances.

**Key words**: verbal irony, pragmatic functions, types of verbal irony, clues of verbal irony

# ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА НА МУЛТИДИМЕНЗИОНАЛНИ ПОДАТОЦИ

Асс.М-р Снежана Савоска, snezana.savovska@uklo.edu.mk
Проф.Д-р Виолета Маневска, violeta.manevska@uklo.edu.mk

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## АПСТРАКТ

Мултидимензионалните податоци се секојдневна реалност во ерата на информации. Ваквите видови податоци секојдневно се собираат од сензорите, читачите на картици, автоматски или со рачно внесување. Се складираат во различни формати, во релациони табели и складишта на податоци. Овие податоци се чуваат и анализираат бидејќи луѓето знаат дека се корисни за предвидување на иднината. За да се анализираат, потребно е да се користат полуавтоматски методи кои вклучуваат софтвер за визуелизација и експлорација и човечкото око како алатка за препознавање на модели. Целта на овој труд е кратко претставување на методите за визуелизација на мултидимензионални податоци, како и запознавање со развојот и најцитираната таксиономија на овие методи за визуелизација на мултидимензионални податоци.

**Клучни зборови: Визуелизација, Визуелна експлорација, Мултидимензионлни податоци**

# MULTIDIMENSIONAL DATA VISUALIZATION

## ABSTRACT

Multidimensional data is the reality of the information era. The data is acquired with sensors, card readers in every day's operations, automated or by manual data input. It's collected in different formats, in relational tables and data warehouses. People collect and save data because they believe that it is very useful for gaining information about some future predictions. To analyze data, it is useful to have some semi-automated methods which use visualization and exploration software and also the human eye as a tool for pattern recognition. The aim of this paper is a short presentation of methods of visualization of multidimensional data history and the most citation taxonomy of these methods.

# ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА

асс. Д-р Бранко Димески, branko_dim@yahoo.com

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

**ABSTRACT**

In this study, some of the dangerous that produces the process of decentralization were analyzed. What can be concluded is the following:

First, the advantages of decentralization are not very obvious in the efficient allocation of the public resources;

Second, the process of decentralization negatively influences the overall processes of redistribution and stabilization in the society;

Third, decentralization makes the various redistributive measures very hard to implement, if not impossible; and

Finally, the programs of macroeconomic stabilization are very hard to implement because of the fiscal measures of the sub national units of government, especially if they are in collision with the measures of the central (national) government.

Besides the numerous disadvantages and shortcomings of the process of decentralization, the real challenge remains: finding an adequate way for organizing and internal synchronization between the different governmental levels in the process of common implementation of the activities that are of public interest.

# МАШИНИ СО НОСЕЧКИ ВЕКТОРИ (SVMs) И НИВНА ПРИМЕНА ЗА АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ ОД DNA МИКРОРЕШЕТКИ

Асс. М-р Благој Ристевски, blagoj.ristevski@uklo.edu.mk

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи-Битола

## Апстракт

Во овој труд се опишани податоците на генската изразеност и нивното добивање со технологијата на DNA микрорешетки. Понатаму е даден преглед и дефиниција на SVMs и повеќедимензионалните SVMs, како и преглед на примената на SVMs за генска селекција, за класификација на канцер и за функционална генска класификација. На крајот се наведени можностите за анализа на генските изразени податоци со класификација и одредување во која класа на тумор/канцер припаѓаат одредени гени врз основа на на генската изразеност.

**Клучни зборови** – SVMs, биоинформатика, DNA микрорешетки, класификација

## SUPPORT VECTOR MACHINES (SVMS) AND THEIR APPLICATION FOR DNA MICROARRAY DATA ANALYSIS

## ABSTRACT

In this paper, the gene expression data and the way of obtaining these data using DNA microarray technology are described. Furthermore, an overview and definition for SVMs and multidimensional SVMs are given. Also I survey the application of the SVMs for gene selection, cancer classification and functional gene classification. Finally I present the opportunities for gene expression data analysis by classification and determination of the tumor/cancer classes where particular genes belong to, based on gene expression.

**Keywords –** SVMs, bioinformatics, DNA microarray, classification

# УЛОГАТА И НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ИЗВРШНАТА ВЛАСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА НЕЈЗИНА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Пом. Асс. М-р Младен Караџоски, mladenkaradzoski@yahoo.com
Факултет за администрација и менаџмент на информациски систреми - Битола

## АПСТРАКТ

Извршната власт игра голема и значајна улога во процесот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија. Соработката, пак, на носителите на извршната власт е базичен предуслов за конзистентна, ефективна и ефикасна интеграциска политика. Од тие причини, целта на овој труд ќе биде анализа на надлежностите, одговорностите и обврските на сегментите на извршната власт во Република Македонија, но и на интеринституционалните релации во рамките на самата егзекутива.
Клучни зборови: влада, претседател, интеграција

## ABSTRACT

The executive power plays great and significant role in the accession process of the Republic of Macedonia in the European Union. The cooperation among the titulars of the executive power is a basic precondition for a consistent, effective and efficient integration policy. For these reasons, the goal of this paper will be the analysis of the competences, responsibilities and obligations of the parts of the executive power in the Republic of Macedonia, but, also for the interinstitutional relations in the executive power.

**Key words:** government, president, integration

# СВЕТСКАТА ТРГОВСКА ОРГАНИЗАЦИЈА (СТО) И ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ ПОГЛЕДНАТИ НИЗ ПРИЗМАТА НА ДОХА РУНДАТА НА ПРЕГОВОРИ

Пом.асс. М-р Моника Ангелоска, angeloska_monika@yahoo.com

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## АПСТРАКТ

Во динамичниот контекст на глобализациските промени движечка сила на економскиот раст и развој претставува меѓународната трговија. Поточно,  таа е подрачјето во коешто најмногу доаѓаат до израз противречностите на мултилатералниот трговски систем.

Единствена меѓународна организација, којашто ги воспоставува правилата на глобалната трговија, е Светската трговска организација (СТО). Процесите на преговарање во рамките на Светската трговска организација се значајниот фактор на промени во мултилатералниот трговки систем.

Целта на овој труд е да ја прикаже позицијата на земјите во развој во тековната трговска рунда на преговори и потребата за успешно завршување на започнатите преговори во Светската трговска организација за правилно доизградување на мултилатералниот трговски систем.

**Клучни зборови:** земји во развој, Доха преговори, светска трговска организација, мултилатерален трговски систем

## ABSTRACT

International trade is driving force of economic growh and development. It is area in which multilateral trade system contradictions are the most exposed.

World trade organization (WTO) is international organization, which establishes rules on the global trade. Processes of negotiations in the World trade organization framework are significant factor of alterations in the multilateral trade system.

The purpose of this paper is to present the position of the developing countries in the current trade round of negotiation. In addition it should emphasize the need for successfull conclusion of the current negotiations in the World trade organization for building up of the multilateral trade system on fair basis.

**Key words:** developing countries, Doha negotiation, world trade organization, multilateral trade system.

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЕКСТЕРНАТА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ КАЈ МАЛИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

М-р Јулијана Силјаноска, j.siljanoska@yahoo.com

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

**Содржина:** Ревизијата има клучна улога за веродостојноста на финансиските извештаи. Без оглед на тоа дали се врши екстерна или интерна ревизија, податоците одбиени со неа се најважниот фактор при носењето на одлуките од страна на нејзините корисници. Информациите добиени со неа ја даваат реалната слика на состојбата во едно претпријатие.

Во овој труд прикажан е модел на организација на екстерната ревизија на финансиските извештаи преку неколку клучни ставки од сметководствената евиденција.

**Клучни зборови:** екстерна ревизија, финансиски извештаи, ревизорски цели.

**Abstract:** The audit has the key role for the trustfulness of the financial reports. Nevertheless if it is meter of external or internal audit, the data gained from it are the most important factor for those that are using it throughout the decision making. The information gained from it's giving the real picture for the condition of one enterprise.

In this paper is shown a model of the organization of an external audit of the financial reports through some key position of the accounting.

**Key words:** External audit, financial audit, audit goals.

# СИМУЛАЦИЈА НА СИСТЕМ ЗА МАСОВНО ОПСЛУЖУВАЊЕ СО КОНЕЧНИ РЕДИЦИ НА ЧЕКАЊЕ
**M/M/n/m систем**

М-р Наташа Максимова, natasa.maksimova@ugd.edu.mk

Факултет за Информатика, Универзитет „Гоце Делчев" Штип

## Апстракт

Симулација е имитирање на операциите на систем или процес од реалниот свет, кој се одвива во текот на времето. Симулацијата вклучува генерирање на вештачка историја на систем и набљудување на истата заради донесување заклучоци важни за оперативните карактеристики на системот кој е претставен. Во овој труд е анализиран системот за масовно опслужување со конечна редица на чекање M/M/n/m и во програмскиот јазик Delphy е изработена програма со која се врши симулација на продавница, како систем за масовно опслужување со конечна редица на чекање (M/M/n/m систем).

## Abstract

Simulation is the imitation of the operations of a system or process from the real world, which takes place over time. Simulation involves generating artificial history of the system and observation of the same, for making important conclusions about the operational characteristics of the presented system. In this paper we analyze the queuing system with finite capacity M / M / n / m. Additionally, we give demonstration of simulation of the market in Delphy programming language as M / M / n / m queuing system.

# АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ДАНОЧНАТА КОНКУРЕНЦИЈА ПРИ ОДАНОЧУВАЊЕТО НА ДОБИВКАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Пом. асс. Божидар Миленковски, bozo_mk@yahoo.com

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## Апстракт

Темелна цел на овој труд е да се утврди влијанието на даночната конкуренција при оданочувањето на добивката на претпријатијата врз процесот на економска интеграција меѓу земјите членки на Европската Унија. Фокусот е ставен на препознавање на сите аспекти поврзани со појавата на даночната конкуренција како и на определувањето на другите фактори кои претставуваат препреки за даночната хармонизација во Европската Унија.

Основните сегменти на анализата се однесуваат на економските аспекти на даночната конкуренција при оданочувањето на добивката на претпријатијата во ЕУ, како и на систематизацијата и критичката анализа на досегашните теоретски достигнувања во одредувањето на факторите кои влијаат на појавата на даночна конкуренција, потоа во компарација на постоечките разлики на даночните системи за оданочување на добивката на претпријатијата во ЕУ, одредувањето предности и слабости на моделот за спречување на штетна даночна конкуренција, анализа на влијанието на даночната конкуренција на понатамошното проширување на ЕУ итн.

*Клучни зборови:* даночна конкуренција, добивка на претпријатие, ефективни даночни стапки, законски даночни стапки, фискална деградација, даночна хармонизација.

## Abstract

The aim of this paper is identification of the effects tax competition has on corporate taxation in the process of the EU integration. The focus is how to qualify all aspects related to tax competition process and to distinguish other factors that can be obsticle for tax harmonization in the EU.

The basis of the analysis relates to economic aspects of tax competition and corporate taxation in the EU. It includes theoretical background, comparison of present differences in corporate taxation systems in the EU, advantages and disadvantages of models for preventing harmful tax competition, influence of tax competition on the EU enlargement etc.

*Key words:* tax competition, corporate income tax, effective tax rates, statutory tax rates, fiscal degradation, tax harmonization.

# МОДЕЛИРАЊЕ НА СИСТЕМИ СО ПОМОШ НА ПЕТРИ МРЕЖИ

Пом.асс. Елена Влаху-Ѓоргиевска, evlahug@gmail.com
Пом.асс. Никола Рендевски, nikola@manu.edu.mk

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## Апстракт

Во овој текст ќе биде даден осврт кон методологијата и примената на Петри мрежите во анализата на перформансите и моделирањето на системи. Примената на Петри мрежи во соодветни случаи за репрезентација и моделирање на реалните системи дава добар опис на системот и преку симулација врши анализа на функционалноста на истиот. Во текстот посебен акцент се става на можностите за нивна примена во областа на безжичните сензорски мрежи (Wireless Sensor Networks) како технологија на која денес и се посветува огромно внимание во науката.

**MODELING SYSTEMS WITH PETRI NETWORKS**

## Abstract

In this text will be given a review of the methodology and application of Petri nets in performance analysis and modeling of systems. The application of Petri nets in appropriate cases of presenting and modeling of real systems gives a good description of the system and through simulation it analyzes its functionality. The text especially emphasizes the possibilities of their application in the area of the Wireless Sensor Networks as a modern day technology which attracts enormous attention in science.

# РЕЗЕРВИ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОГОВОРИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Пом.асс. Мирјана Ристовска, mimaristovska@yahoo.co.uk
Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## АПСТРАКТ

Акцентот на овој труд ќе биде ставен на резервите на меѓународните договори за правата на човекот, што несомнено, претставува „жешка“ тема во меѓународното право. Полето на истражување ќе биде ограничено единствено на теоретските аспекти на оваа проблематика, без да се разгледува праксата на државите во ставањето резерви. Разгледувајќи ја листата на меѓународните договори за правата на човекот, се поставува прашањето за вистинската намера на државите-членки кон договорите, односно дали тие имале намера со ратификувањето или пристапувањето да придонесат за развој на човековите права или тоа го сториле единствено како симболичен гест. Квантитетот и „квалитетот“ на резервите, истакнати на договорите за човекови права од страна на државите, со сигурност може да послужи како доволен индикатор за тоа. Овој труд ќе се обиде да објасни зошто после долгата мисија за универзално прифаќање на одредбите на меѓународни договори за правата на човекот, веќе е време да се промовoраат правилата кои го штитат есенцијалниот интегритет на меѓународните стандарди за правата на човекот. Аргументите се во насока на заклучокот дека меѓународното право е вистинскиот инструмент за промени во праксата на меѓународните човекови права и може да овозможи уште повеќе почитување на човековите права во 21 век.

## ABSTRACT

This paper is a study about reservations to international human rights treaties, which have become a hot topic in international law. The scope of this study will be limited to the theoretical and systemic aspects of the question. The states’ practice regarding reservations will not be studied in details, nor will the particular context of the various human rights instruments. Perusing the list of parties to the major human rights treaties, any alert observer must wonder how many of these States have decided to join the great enterprise more for symbolic reasons than motivated by the desire to conform their domestic laws and practices to internationally agreed upon human rights standards and to subject themselves to international scrutiny. The quantity and quality of reservations lodged by a State participating in a human rights instrument may certainly serve as an indicator in this regard. From a human rights perspective this paper will explain why, after a too long quest for universal acceptance of human rights norms, the time has come to engage in the next step and to promote rules that also protect the essential integrity of international standards for human rights. The arguments presented will also rely on the idea that international law could be an efficient instrument for change in human rights practice and could allow an ever greater respect for human rights in the 21st century.

# СИМУЛАЦИЈА И ЕМУЛАЦИЈА НА КОМПЈУТЕРСКИ МРЕЖИ – МЕТОДИ И ТЕХНИКИ

Пом. Асист. Никола Рендевски, nikola@manu.edu.mk
Пом. Асист. Елена Влаху-Ѓоргиевска, evlahug@gmail.com

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

## Апстракт

Мрежната емулација е навистина важен истражувачки пристап. Таа му овозможува на вистинскиот мрежен сообраќај да разменува податоци со вештачкиот (симулациониот) сообраќај. Со емулирањето, може да се тестира функционирањето и изведбата на вистинскиот мрежен уред под различни вештачки создадени мрежни услови, без потреба да се знае или модифицира неговиот внатрешен збир на протоколи. Поради овие можности, емулацијата е широко користена за да се тестираат мрежните протоколи и мрежните уреди. Во овој труд ќе го претставиме NCTUns, иновативниот мрежен симулатор и емулатор, ќе ја објасниме новата користена методологија на симулирање, и ќе го презентираме нејзиниот дизајн и имплементацијата како и можностите и изведувањето на емулацијата. Целта на овој труд е да се направи анализа на реалната и симулираната TCP конекција и да се утврди делењето на вкупниот опсег и протокот на реални и симулирани мрежни пакети.

# SIMULATION AND EMULATION OF COMPUTER NETWORKS – METHODS AND TECHNIQUES

## Abstract

The network emulation is an important scientific approach. It allows the real network traffic to exchange data with the artificial (simulated) traffic. With emulation, we can test the functioning and performance of the real network device under artificially created network conditions, without the need to understand or modify its internal set of protocols.  Because of these possibilities, emulation is widely used to test network protocols and network devices. In this paper we will introduce NCTUns, an innovative network simulator and emulator, we will explain the new methodology of simulation and we will explain its design and implementation as well as the process and the possibilities of emulation. The aim of this paper is to analyze the real and simulated TCP connection and to determine the total bandwidth sharing and flow of real and simulated network packages.

# ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕТПРИСТАПНИТЕ ЕУ ФОНДОВИ

Помл. асс. Николче Јанкуловски, nikolcejankulovski@yahoo.com
асс. м-р Катерина Бојковска
Факултет за биотехнички науки - Битола

## АПСТРАКТ

Република Македонија, како земја со делумно развиена пазарна економија помина речиси две децении движејќи се низ процесот на транзиција. Денес е земја - кандидат за членство во Европската унија (ЕУ). Во рамките на интегративните процеси кон ЕУ, Република Македонија го усогласува и хармонизира домашното законодавство со стандардите и политиките кои важат во ЕУ. Овој статус ѝ овозможува користење на финансиски средства од претпристапните фондови на ЕУ, со цел подобрување на економската положба на своите граѓани. Локалниот економски развој е процес во кој локалната власт и партнерите од бизнис секторот и невладиниот сектор работат заедно во насока на подобрување на бизнис климата. Преку добро планирана стратегија за локален економски развој доаѓаат и позитивни финансиски резултати, а со тоа и до создавање на услови на економски развој и зголемени можности за вработување.

Клучни зборови: стратегија, планирање, децентрализација, претпристапни фондови, економски раст и развој.

## ABSTRACT

The Republic of Macedonia, as a country with a partially developed market economy passed almost a decade going through the transition process. Today it is a state with an EU membership country status. This status enables it to use funds from the EU pre-accession funds, so as to improve the economic sitaution of its citizens. The local economic development is a process where the local government and its partners from the business sector and the non-governmental sector work together in order to improve the business climate in their municipality. The positive results create conditions in the economic development which in turn creates greater employment opportunities.

Key words: strategy, planning, decentralization, pre-association funds, economic growth and development.

# ПРОЦЕС НА МЕНАЏИРАЊЕ СО ОРГАНИЗАЦИСКИОТ КОНФЛИКТ

Марина Блажековиќ

Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи – Битола

## Апстракт

Менаџментот и развојот на човечки ресурси, како дисциплина од големо научно значење, претставува предизвик за истражување како за научниците, така и за оние кои што работат во пракса. Тоа се должи на фактот што таа обезбедува одлична основа за практично истражување и решавање на голем број проблеми кои имаат значајно влијание врз ефикасноста и ефективноста на организациите. Еден од тие проблеми, е и проблемот на настанување и решавање на конфликтни ситуации, во организациите, а и меѓу нив.

**Клучни зборови:** конфликт, организација, конфликт менаџмент.

## Abstrakt

Management and development of human resources, as a discipline of great scientific importance, a challenge for research scientists, and those who work in practice. This is due to the fact that offers an excellent basis for practical research and resolve the many problems that have a significant impact on the efficiency and effectiveness of organizations. One of these problems is the problem of the occurrence and resolution of conflict situations in organizations, and between them.

# А В Т О Р И

Јован Ананиев ........ 10
Александра Патоска ........ 8
Благој Ристевски ........ 14
Божидар Миленковски ........ 19
Бранко Димески ........ 13
Виолета Маневска ........ 9, 12
Драган Груевски ........ 3
Елена Влаху-Ѓоргиевска ........ 20, 22
Жидас Даскаловски ........ 5
Јулијана Силјаноска ........ 17
Катерина Бојковска ........ 23
Марина Блажековиќ ........ 24
Мери Бошкоска ........ 7
Мимоза Богданоска Јовановска ........ 3
Мирјана Ристовска ........ 21
Младен Караџоски ........ 5, 15
Моника Ангелоска ........ 16
Наташа Максимова ........ 18
Наташа Пеливанова ........ 6
Никола Рендевски ........ 20, 22
Николче Јанкуловски ........ 23
Силвана Нешковска ........ 11
Снежана Савоска ........ 12